РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Бр. 08-530/1
05-04. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став (1) алинеја 12 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

# ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ КОЈ НЕ Е РЕГИСТРИРАН ВО РЕГИСТАРОТ НА ВОЗДУХОПЛОВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оглед на фактот дека Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), не предвидува правна основа со која би се регулирало впишувањето во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија на воздухоплови кои не се регистрирани, се утврди потреба од донесување на оваа оперативна директива за безбедност.

2. Целта на оваа оперативна директива за безбедност е дефинирање на условите и барањата кои треба да ги исполни сопственикот или операторот на воздухоплов кој во моментот на поднесување на барање за впишување во Регистарот на Република Македонија не е регистриран.

3. Оваа оперативна директива за безбедност се однесува на впишување на воздухоплови во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија кои:
- се нови и не се регистрирани или
- се користени и не се регистрирани.

3. Нов воздухоплов кој не е регистриран може да се впише во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија, доколку:
- има записник од извршен основен преглед од страна на овластено лице од Агенцијата за цивилно воздухопловство, во кој е контатирано дека воздухопловот ги исполнува условите за пловидбеност пропишани со Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на овој закон,
- операторот на воздухопловот е домашно физичко лице или странско физичко лице со регулиран престој во Република Македонија или е правно лице регистрирано со седиште во Република Македонија,
- има изјава од производителот дека воздухопловот е нов и не бил впишан во ниту еден регистар,
- воздухопловот ги исполнува пропишаните услови во поглед на бучавата и другите емисии согласно Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на овој закон и
- операторот на воздухопловот има доказ за сопственост или одобрен договор за закуп, односно лизинг на воздухопловот без екипаж.

4. Воздухоплов кој е претходно користен и не е регистриран може да се впише во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија доколу:

– има записник од извршен основен преглед од страна на овластено лице од Агенцијата за цивилно воздухопловство, во кое е констатирано дека воздухопловот ги исполнува условите за пловидбеност пропишани со Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на овој закон,

- операторот на воздухопловот е домашно физичко лице или странско физичко лице со регулиран престој во Република Македонија или да е правно лице регистрирано со седиште во Република Македонија,

- воздухопловот е избришан од регистарот на воздухоплови во кој што претходно бил впишан,

- воздухопловот ги исполнува пропишаните услови во поглед на бучавата и другите емисии согласно Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на овој закон и

- операторот на воздухопловот има доказ за сопственост или одобрен договор за закуп односно лизинг на воздухопловот без екипаж.

6. Оваа оперативна директива за безбедност влегува во сила наредниот ден од денот на нејзино донесување и објавување на интернет страната на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Директор,**
**Горан Јандреоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО * СКОПЈЕ